**20242113674**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 став 4 и член 47 став 1 точка 10-а од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 74/24), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ВИСИНАТА НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ВРШЕЊЕТО СУПЕРВИЗИЈА НАД БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА НЕГОВАТА НАПЛАТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат методологијата за пресметка на висината на годишниот надоместок за вршењето супервизија над банките и штедилниците во согласност со закон од страна на Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка), како и начинот на неговата наплата.

## II. ДЕФИНИЦИИ

2. Одделни изрази употребени во оваа одлука го имаат следново значење:

2.1. „Годишен надоместок“ е износот којшто се наплатува од секоја банка или штедилница за вршењето супервизија од страна на Народната банка во согласност со закон за тековната календарска година, на начинот утврден во главата IV на оваа одлука;

2.2. „Директни трошоци“ се трошоците на организациските единици на Народната банка коишто се директно одговорни за извршувањето супервизија над банките и штедилниците;

2.3. „Индиректни трошоци“ се трошоците на Народната банка коишто се индиректно поврзани со супервизијата над банките и штедилниците, односно трошоците на организациските единици коишто обезбедуваат административна и друга поддршка за организациските единици на Народната банка коишто се директно одговорни за извршувањето супервизија над банките и штедилниците.

## III. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК

3. Основица за пресметувањето на годишниот надоместок е висината на директните и соодветниот дел од индиректните трошоци направени за вршењето супервизијата над банките и штедилниците во една календарска година.

4. Соодветниот дел од индиректните трошоци се утврдува врз основа на обемот на услугите коишто организациските единици чиешто работење е директно поврзано со вршењето на супервизијата ги добиваат од организациските единици коишто обезбедуваат административна и друга поддршка.

5. Годишниот надоместок за поединечна банка или штедилница претставува збир којшто се добива на следниов начин:

− 50% од основицата за пресметка им се ра

спределува на поединечните банки или штедилници во процент еднаков на процентуалното учество на активата на одделната банка или штедилница во вкупната актива на сите банки и штедилници на крајот од претходната календарска година;

− 50% од основицата за пресметка им се распределува на поединечните банки или штедилници во процент еднаков на процентуалното учество на активата пондерирана според ризиците за одделната банка или штедилница во вкупната актива пондерирана според ризиците за сите банки и штедилници на крајот од претходната календарска година.

За потребите на ставот 1 од оваа точка, Народната банка ги користи следниве податоци:

− за активата пондерирана според ризиците се користат податоците коишто банките и штедилниците ги доставуваат до Народната банка, во согласност со регулативата на Народната банка за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот,

− за износот на вкупната актива се користи податокот од финансискиот извештај на банката или штедилницата за претходната календарска година, ревидиран од друштво за ревизија во согласност со закон.

6. По исклучок на точката 5 од оваа одлука, во случај кога банка или штедилница добила дозвола за основање и работење во текот на претходната календарска година, износот на годишниот надоместок за банката или штедилницата се утврдува кога износот утврден во согласност со точката 5 на оваа одлука ќе се подели на дванаесет месеци и ќе се помножи со бројот на месеците во кои банката или штедилницата работела во претходната календарска година.

7. Во случај кога Народната банка престанува да врши супервизија над банка или штедилница поради нејзиното присоединување кон друга банка и/или штедилница во текот на претходната календарска година, надоместокот којшто го должи банката или штедилницата којашто се присоединува се наплаќа од банката или штедилницата кон којашто се присоединува.

8. Народната банка ја утврдува висината на годишниот надоместок за секоја банка и штедилница во согласност со оваа одлука, за тековната календарска година најдоцна до 31 мај, врз основа на податоците на 31 декември во претходната календарска година.

9. Народната банка, на својата интернет-страница, најдоцна до 31 мај во тековната година, ги објавува податоците за основицата за пресметување на годишниот надоместок и за вкупниот износ на активата и активата пондерирана според ризиците, збирно, на сите банки и штедилници.

## IV. НАЧИН НА НАПЛАТА

10. Народната банка го доставува известувањето за годишниот надоместок до банката или штедилницата, во рок од петнаесет дена од денот на утврдувањето на неговата висина.

Во известувањето за надоместокот од ставот 1 на оваа точка се определува начинот на плаќање.

Банката или штедилницата е должна да го плати годишниот надоместок во рок од петнаесет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 1 на оваа точка.

Доколку банката или штедилницата не го плати надоместок во рокот определен во ставот 3 на оваа точка, Народната банка пресметува и наплаќа законска казнена камата за задоцнето плаќање.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

11. Народната банка ќе го утврди првиот годишен надоместок за секоја банка и штедилница во согласност со оваа одлука во 2025 година.

12. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-34557/3
9 октомври 2024 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.